РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 04-6474/15

09. 09. 2022 .2022 год.

Скопје

Врз основа на член 52 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016, 11/2018 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање, Државниот секретар на Министерството за животна средина и просторно планирање донесе:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидатот по интерен оглас бр.2/2022 за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање

1. Кандидатот **Ајлин Исаки Мухареми** по пат на интерен оглас број 2/2022 објавен на 29.08.2022 година се избира на работно **УПР 01 01 В01 000 - Советник за спроведување на процедурите по Базелска конвенција, ЕХИМ и Д4, Одделение за управување, увоз, извоз и транзит на отпад и за регистрација и евиденција на управувачите и постапувачите со отпад и за управување со посебни текови на отпад, Сектор отпад - 1 (еден) извршител;**

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр. 2/2022 со архивски бр. 04-6474/11 од 07.09.2022 година.

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на одлуката.

4. Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски наш број 04-1751/10 од 17.06.2022 година, министерот на Министерството за животна средина и просторно планирање упати барање со архивски број 04-6474/1 од 26.08.2022 година, за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање. Одделението за

управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 2/2022 за унапредување на 5 (пет) административни службеници во Министерството за животна средина и простоно планирање објавен на ден 29.08.2022 година на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање и на веб страната на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, формирана е комисија од страна на Државниот секретар, со Решение за формирање на комисија за селекција за унапредување на административен службеник со архивски број 04-6474/9 од 02.09.2022 година, која изврши административна селекција и одржа интервју со соодветните кандидати коишто ги исполнуват условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административната селекција за интерен оглас број 2/2022 за унапредување на административни службеници со архивски број 04-6474/10 од 07.09.2022 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју со архивски број 04-6474/11 од 07.09.2022 година, изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 2/2022 со архивски бр. 04-6474/11 од 07.09.2022 година.

Врз оснона на ранг листата, Државниот секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување на именуваниот.

**Државен секретар**
**Каја Шукова**

*ПРАВНА ПОУКА: Против ова одлука кандидатот има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.*

*Доставено до:*

- *Именуваниот*
- *Архива*
- *Одделение за управување со човечки ресурси*
- *Сметководство*